EUROPE HOUSE

EU with YOU

# Прашања и одговори „Скопје на новата генерација“

1. Дали во конкурсот за архитектонски и урбанистички дизајн „Скопје на новата генерација“ може да учествува полнолетен средношколец во IV година?

   - **Не, конкурсот е отворен само за студенти по архитектура и урбанизам, како и за професионалци во дадените области до 35 години.**

2. Во делот правила и насоки на учество пишува: професионалците и студентите помлади од 35 години можат да учествуваат само со еден проект. Дали останатите може да учествуваат со повеќе проекти?

   - **Сите учесници на конкурсот (индивидуалци или тимови) може да учествуваат само со еден предлог-проект.**

3. Која е старосната граница за учество?

   - **Конкурсот е отворен само за студенти по архитектура и урбанизам, и за професионалци во дадените области, а старосната граница за учество е 35 години.**

4. Може ли да учествуваат креативни физички лица на 40-годишна возраст кои немаат никакво претходно искуство, но можат да понудат иновативни решенија?

   - **Конкурсот е отворен само за студенти по архитектура и урбанизам, и за професионалци во дадените области до 35 години.**

5. Може Locations for Competition, Шаблон за опис и B2 Template да ги прикачите во други формати?

   - **Не, техничките формати се услов за учество на конкурсот.**

6. Дали интервенциите што ќе ги правиме на една од зададените локации треба да се пренамена/реконструкција на некои јавни запуштени објекти или е дозволено и проектирање нов архитектонски објект на некоја од зададените локации?

   - **Покрај реконструкција/адаптација на постоечки објекти, дозволени се и минимални архитектонски интервенции, кои би ја надополниле и оживеале локацијата почитувајќи ги постоечките објекти.**

7. Дали под локацијата „Илинденска“ (од зградата на Владата до Фонтаната) се мисли конкретно само на улицата и објектите кои излегуваат на неа, или тука може да се опфатат и блоковите околу улицата и нивните внатрешни дворови?

    - **Конкурсот се однесува на оживување на јавниот простор. Може да се опфати и поширокиот простор околу улицата, но интервенцијата треба да се однесува на јавниот простор со почит кон приватната сопственост.**

8. Имам прашање во врска со новообјавениот конкурс. Во повикот стои дека учесниците треба да се локалци. Дали тоа значи дека можат да учествуваат само тие што живеат во градот и имаат адреса на живеење во градот, или се мисли на сите жители на Република Северна Македонија? Дали е дозволено да има тим со меѓународни учесници, сè додека еден од учесниците во тимот е жител на нашата држава?

    - **Конкурсот е отворен за сите жители на Република Северна Македонија (не само од Скопје), и не е дозволено на него да учествуваат меѓународни учесници.**